**20160712038**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за јавните патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 април 2016 година.

Бр. 08-2081/1
5 април 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15 и 31/16) во членот 27 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„(4) На магистрални, регионални и локални патишта и улици во населените места, на приодите кон училиштата, детски установи, болници, спортски објекти и други места, во близина на пешачки премин, можат да се поставуваат сообраќајно техничките средства за забавување на сообраќајот согласно со прописите за безбедност во сообраќајот.”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија’’.